# ДОКУМЕНТ ЗА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ НА РОМИТЕ ВО ОПШТИНА

# ШТИП



Проектот е финансиран од Европската Унија

Декември, 2019

Издавач:
Национален ромски центар
Ул „Доне Божинов“ 11/5,
1300 Куманово, Македонија
Тел: +389 31 427 558
E-mail: info@nationalromacentrum.org
Website: www.nationalromacentrum.org

Автор: Девелопмент солушнс ДООЕЛ-ДЕСО
Дизајн на корица и компјутерска подготовка: Зоран Величковски

Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Унапредување на учество на Ромите во локални политики за урбанистичко планирање„ имплементиран од страна на Национален Ромски Центар (НРЦ), финансиран со поддршка на Фондација Отворено Општество Македонија и во рамки на проектот „Поддршка за легализација на ромско домување“, имплементиран од страна на Национален Ромски Центар (НРЦ) од Куманово во партнерство со Симбиозис 12 од Куманово и ОРМ Бела Кула од Кичево, финансиран со поддршка на Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е одговорност на издавачот и авторот и не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество - Македонија.

“Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението Национален ромски центар (НРЦ) Куманово и партнерските организации Здружение Симбиозис 12 Куманово и Здружение ОРМ Бела Кула Кичево и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија”

# СОДРЖИНА

Вовед . . . . . . . . . . 4

Методологија . . . . . . . . . . 5

Преглед на постоечки документи и податоци . . . . . . . . . . 7

Интервјуа со експерти и релевантни чинители . . . . . . . . . . 9

Интервјуа со жители од ромските заедници кои се фикус на истражувањето . . . . . . . . . . 11

Теренско набљудување на ромските заедници кои се фикус на истражувањето . . . . . . . . . . 12

Заклучок . . . . . . . . . . 13

Препораки . . . . . . . . . . 14

Користени извори . . . . . . . . . . 15



# ВОВЕД

Домувањето е едно од најважните животни прашања кај секој поединец. Степенот и квалитетот на домувањето се силно поврзани со другите аспекти на животот, па оттука пристапот до решавањето на прашањето за соодветно домување е од круцијално значење. Квалитетот на животот воопшто, зависи од условите во кои живее лицето. Лошите услови за живеење индиректно носат проблеми од социолошка, економска, психилошка природа, со кои директно се соочува човекот. Обратно, обезбеденото прашање за домување во барем, основни услови, остава простор за напредок и развој на индивидуата на секое поле.

Ромите во нашата држава најчесто се населени во периферните делови на градските населби. Кога се во прашање условите во кои живее ромската заедница во Македонија, тие во голем дел се под стандардите за основно домување. Често немаат пристап до основни услови за живот, а на голем дел од нив живеалиштата им се изградени од лош квалитет. Некои делови од населбите со ромско население сеуште немаат квалитетна вода за пиење или електрична енергија.

При процесот на легализација на домовите, Ромите имаат реална потреба за помош во текот на цела таа постапка. Најголем проблем е можеби високото ниво на неписменост, што претставува посебен проблем за ромското население. Ова доведува до недоволна информираност, а не така ретко последиците од неинформираноста можат да доведат до трајни последици, со губење на нивните права доколку не се превземат чекори во предвидените рокови. Уште една од позначајните причини што ги спречува Ромите на патот кон легализиран дом, е фактот дека често, иако се запознаени со условите и можностите кои се нудат, тие не се во финансиска можност да започнат постапка за легализација. Поради овие, но и низа други причини, на Ромите им е потребна постојана правна поддршка во сите фази на постапката.

Целта на изготвувањето на еден ваков документ за локални политики, во кој од една страна се анализираат досегашните изготвени стратегии и останати документи, како и степенот на нивното имплементирање, а од друга страна - реалната состојба во која се наоѓа ромското население кога е во прашање домувањето, е да се даде дополнителен придонес во напорите за подобрување на правата на Ромите поврзани со легализација на ромските домови и урбанизација на ромските населби. Документот има за цел да обезбеди основа за развој на ефективни локални регулативи и иницијативи што ќе влијаат на подобрувањето на условите за домување.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За изготвување на овој документ за локални политики, кој во иднина би бил од големо значење за подобрување на условите за домување на Ромите во Општина Штип, извршена е анализа преку прибирање на примарни и секундарни податоци и информации. Примарните податоци се добиени преку интервјуа со официјални претставници на Општина Штип од Одделението за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип, како и интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето. Секундарните податоци пак, се базирани на анализа на националните акциски планови и стратешки документи, како и од други објавени публикации, мислења и анализи.

Податоците кои беа предмет на анализа, се добиени преку следните методи:

- **Преглед на постоечки документи и податоци (пр. планови, стратегии, анализи, извештаи, итн.)**
- **Интервјуа со експерти и релевантни чинители (пр. експерти од областа, претставници на општините, итн.)**
- **Интервјуа со жители од Ромските заедници кои се фокус на истражувањето.**
- **Теренско набљудување во Ромските заедници кои се фокус на истражувањето.**

## ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИ ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ

Првата фаза од истражувањето опфати анализа на документацијата во писмен, фотографски и електронски формат. Целта беше најнапред да се обезбедат основни информации за реалната состојба на Ромите кога е во прашање домувањето и легализацијата на домовите.

Предмет на преглед беа официјалните документи од институциите, податоците обезбедени со слободен пристап до информации од јавен карактер, анализите на политики за легализација и урбанизација и нивна имплементација, како и извештаите од специјализирани агенции и организации, и слично.Кога е во прашање овој метод, тој има своевидно ограничување во однос на тоа дека истиот е изготвен исклучиво врз документацијата која е достапна во јавноста, како и според начинот на кој таа документација е презентирана и каков е нејзиниот квалитет.




Фотографија: Ирсан Јашаровски

## ИНТЕРВЈУА СО ЕКСПЕРТИ И РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ

Целта на оваа фаза од методологијата беше да се соберат релевантни податоци преку интервјуа кои се спроведени со експерти и релеванти чинители.

Лицата кои беа интервјуирани се експерти во областа, со длабоко познавање на условите за домување на Ромите во Република Македонија и поддршка на ромските семејства во процесот на легализација на нивните домови.

Со официјалните претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип разговарав околу состојбата на ромските населби во Општина Штип, со посебен акцент на домувањето и самиот процес на легализација.

Соговорниците одговараа на прашања од отворен тип, на начин што од експертите се бараа детални одговори, со цел да се овозможи слобода на интервјуираниот во изразувањето на своите ставови, без притоа да се понудат можни одговори на поставените прашања.

## ИНТЕРВЈУА СО ЖИТЕЛИ ОД РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на оваа, претпоследнафаза од истражувањето беше прибирање на конкретни информации од страна на засегнатите жители во проблематиката.

Со овој метод беше предвидено да се соберат информации од прва рака, преку серија клучни прашања за темата, но истовремено и преку оставање доволно простор за нови прашања кои произлегоа како резултат на дискусијата.

Интервјуата беа отворени (но, со одредени насоки зададени однапред), со што тие се корисни за проценка на мислења и релевантноста на информациите.

За да биде овој метод успешен, најнапред треба да се дефинира целта и да се утврди кои информации се потребни, како и да се направи листа за потребните работи. Прашањата беа поставени на начин што интервјуираните имаа можност преку дискусија да ги изразат своите ставови.

## ТЕРЕНСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Финалната фаза од собирање на податоци опфати теренско набљудување на ромските заедници во Општина Штип. Целта на теренското набљудување беше да се изврши идентификација на проблемите со кои се соочуваат засегнатите жители преку мониторинг и проценка на актуелната состојба на заедниците.




# ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИ ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ

Според последниот спроведен попис во државата од 2002 година, во Општина Штип живеат 2.195 Роми, кои се застапени со 4.07% во вкупното население од 47.796 жители.[1] Од вкупната бројка на ромското население во Штип, 80 % живеат во двете населби „Черења“ и „Цар Самоил“, поранешните „Радански Пат“ и „Косовска“, а околу 20 % живеат во другите делови од градот.[2]

Во јануари 2005 година е усвоена Националната Стратегија за Роми и развиени се четири Национални Акциони Планови за вработување, домување, здравство и образование. Заедно со Декадата за Роми 2005 – 2015 претставуваат први национални политички документи од овој карактер во државата чија цел е подобрување на условите на Ромите. Со оглед на важноста на областа што ја опфаќа, Стратегијата доби и втора верзија која е моментално важечка, а се надоврзува на претходните заложби.[3] Сепак, меѓународните извештаи за напредокот во процесот на интеграција и инклузија на Ромите во земјава покажуваат напорите остануваат недоволни на ова поле. Имено, последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на земјата нагласува дена „имплементацијата на Стратегијата за Ромите (2014–2020) и соодветните акциски планови во домените образование, домување, род и здравство е постепена и останува уште многу да се направи. Владата покажува посветеност, но недостигот на мониторинг на средства за овие цели, како и слабата апсорпција на постоечки средства останува проблем.“[4]

Иако одговорностите и институционалната инфраструктура за спроведување на Национална Стратегија за Роми се поставени и дефинирани, процесот на имплементација и целите кои се поставени не се видливи односно не се постигнати. Покрај тоа, документите и извештаите на надлежните органи задолжени за спроведување на Национална Стратегија за Роми во Македонија се состојат од интерпретативно објаснување на постигнатите резултати и она што треба да се направи во иднина без притоа да постои јасно дефиниран механизам за евалуација и мониторинг на Национална Стратегија за Роми.[5]

Преку анализата направена на националната законска регулатива, може да се заклучи дека прашањето за домување во државата е опфатено со неколку закони:

1 Демографија – Општина Штип, 2002, достапна на http://stip.gov.mk/index.php/mk/profil/demografija
2 Почетна студија за домувањето на Ромите во Општина Штип, Хабитат, 2017, достапна на http://www.habitat.org.mk/doc/studii/STIP_mak_FINAL.PDF
3 Стратегија за Роми 2014 - 2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, достапна на http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf
4 European Commission, №rth Macedonia 2019 Report, 2019, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf
5 Иднината на Националната Стратегија за Роми, Проект: “Мрежа на Ромски граѓански организации одговор на Ромската заедница”, 2014, достапна на https://mbr-ds.gov.mk/sites/default/files/analizi/18.Policy-Briefs.mk.pdf

- **Закон за домувањe6;**
- **Закон за постапување со бесправно изградени објекти[7]; и**
- **Закон за субвенционирање на станбен кредит[8].**

Домувањето може да биде минимално и соодветно.

Минимално домување вклучува задоволување на минимални просторни услови, опременост на станот со основна комунална инфраструктура како што се струја, вода и одвод и сообраќајна поврзаност на станот со населбата, односно градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот.

Соодветно домување освен елементите на минимално домување вклучува соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги[9].

Единиците на локалната самоуправа на локалната самоуправа играат важна улога, бидејќи се задолжени одблизу да го регулираат домувањето. Тие, исто така, се одговорни за развојот на инфраструктурата, урбанистичкото планирање и катастарските регистри, но многу Роми не се запознаени со комплексните институционални структури што ги обликуваат овие политики и, затоа, во голема мера зависат од добрата волја на носителите на одлуки.[10]

Домувањето е тема на која се работи од почетокот на Декадата на Ромите, поточно од 2005 година, но и покрај тоа, останува впечатокот дека домувањето е област што е тешко решлива и со бавен напредок.

Иако главниот впечаток е дека последните години има напредок во однос на изготвени национални документи поврзани со подобрување на животот на Ромите и домувањето конкретно, сепак кога станува збор за нивно имплментирање на локално ниво, може да се констатира дека Ромите сеуште имаат далеку понеквалитетни услови за живот и домување споредено со другите граѓани.

Ова е релевантно од аспект што домувањето, образованието, вработеноста и здравјето се заемно поврзани сфери; лошите услови за домување имаат директно влијание врз здравствената состојба; отсуството на инфраструктура има влијание врз можноста да се пристапи до јавни услуги. Дополнителни проблеми кои може да се појават како резултат на живот во диви населби се и: присилни иселувања, неможност да се добие пристап до различни јавни услуги како резултат на немање постојано место на живеење. Според извештајот на Хабитат, прашањата врзани за домувањето се од клучно значење за прекинување на кругот на исклученост[11].

---

6 Закон за домување, 2012, достапен нahttp://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf
7 Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011, достапен нahttps://cutt.ly/ge2F65t
8 Закон за субвенционирање на станбен кредит, 2019, достапен на https://cutt.ly/me2ZqMn
9 Чл.8, Закон за домување, 2012, достапен на http://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf
10 Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита, Меѓународна група за малцински права, 2018, достапно на https://minorityrights.org/wp-content/uploads/2018/11/MRG_Brief_Mac_MAC_№v18.pdf
11 EnisaEminova, NedaMilevska – Kostova, Report on the condition of housing and health in Roma Community in Republic of Macedonia, Humanitarian and Charitable Roma Association "Mesečina" Gostivar, 2006

# ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ЕКСПЕРТИ И РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ



Најголем дел од локациите каде што живее ромското население не се дел од урбаните планови. Најчесто, бесправните градби се градени вон плански опфат или и да е плански опфат – истиот не е соодветен. Проблемот со домувањето и легализацијата на истото е тесно поврзан со урбанизацијата, бидејќи доколку нивниот дом не е дел од урбанистички план, на жителите не може да им се обезбедат услови достојни за современ живот. Ова, како што беше наведено и претходно, има мултиплицирачко негативно влијание врз повеќе сфери клучни за социјалното вклучување: пристап до образование, вработување, пристап до јавни услуги.

Главниот проблем е што кај општините нема интерес да се постапува по одреден план. Истите се водат според планови кои што не се важечкии најчесто се стари дваесетина и повеќе години. Во Општина Штип од 2011 година досега цело време е во изработка нов генерален план и сеуште не е целосно изготвен и објавен[12].

Генерално, не само кај ромската популација, туку секој граѓанин кој не се занимава со оваа област- ретко кој од нив е запознаен со начинот на планирање и донесување на урбанистички планови. Постапката започнува со јавен повик. Притоа мал, речиси незначаен дел од граѓаните ги следат или виделе тие повици. Главниот проблем е во тоа што законската регулатива е таква, да во процедурата е доволен само јавен повик.[13]

Граѓаните можат да иницираат измена на Детален Урбанистички План (понатаму ДУП) на начин што: се доставува иницијатива, потоа истата поминува на Комисија, па на Совет според програма. Претставниците на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип нагласија дека проблемот во овој случај би се јавил отпосле.

12 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип

13 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип

Би се поставило прашањето кој ќе ја финансира таа планска документација, знаејќи дека општината нема доволно средства. Дури и во случај од Генерален Урбанистички План (понатаму ГУП) да се развие ДУП и да дојде до фаза да се асфалтираат улиците, да се постави водоводна мрежа и да се снабди со електрична енергија - прашањето е колку потоа општината ќе може да ги добие реално потрошените средства, односно колку тие граѓани реално се способни да ги подмират комуналиите[14].

Тие потенцираа дека дури и во случај да се направи ДУП, поради прегусто населените места – некои куќи едноставно би морале да се срушат за да се направат услови за современ живот – да се обезбеди електрична енергија, водоводна мрежа, како и асфалтирање на патишта со минимален стандард – заменувајќи ги досегашните потесни патеки. Нагласија дека од аспект на Општината ова е тотално финансиски неисплатливо, бидејќи првенствено треба да им дозволи легализација за многу мал износ од 61,5 денари за метар квадратен, а потоа да им се исплатат средства за рушење на истите домови.

Според нив, со Законот за постапување со бесправно изградени објекти се излегува во пресрет на граѓаните – да ги легализираат веќе изградените домови за многу мал износ, но од друга страна со продолжувањето на роковите за поднесување на барањата за легализација на некој начин се стимулираат да не ги легализираат навреме, туку отпосле. На тој начин средствата кои ќе ги исплатат ќе бидат значително помали.

Претставниците на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип сметаат дека крајно време е да се стави ред на диоградбите.

Од соговорниците беше понудено и мислењето дека можеби треба да се започне со рушење на неколку диоградби за да се зголеми свеста кај граѓаните за последиците на нелегализираните објекти, но од друга страна пак ова ќе вроди со револт кај граѓаните. Како уште една опција беше предложено да не се премине веднаш на рушење, туку да се реагира со кривични пријави и парични казни од некои 1500–2000 евра, и за комерцијални цели од околу 5000 евра како казна за веќе изградените објекти без решенија, што воедно ќе биде и сериозна опомена за секој којшто би помислил да изгради нелегализиран објект во иднина[15].

Официјалните претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип наведоа дека се поднесени околу 14.500–15.000 барања за легализација на ниво на Општина Штип и притоа истакнаа дека немаат конкретни податоци колку од вкупниот број на барања се поднесени од страна на ромско население, бидејќи не вршат селекција на граѓаните според национална/етничка припадност.

Во случај кога објектот се наоѓа на земјиште што е сосопственост на повеќе лица, и барателот не може да собере согласност од сите, доколку може да докаже дека во моментот на градење на објектот земјиштето не било приватизирано, туку сеуште се водело на име на државата, може да се легализира без согласности, со изјава заверена на нотар и на трошок на барателот може да се објави во Службен Весник и дневен печат. До месец септември оваа постапка ги чинела граѓаните околу 18.000 денари, а од месец октомври сумата е значително помала. Процедурата се одвива на начин што откако барателот ќе докаже дека земјиштето во моментот на градењето на објектот било во сопственост на државата, од општината му прават пресметка, која барателот ја плаќа а потоа добива Решение од општината. Откако Решението станува правосилно, општината е должна во рок од 10 дена од правосилноста да го објави во Службен Весник, во дневен печат и да се достави на сите сопственици на земјиштето за кои имаат податоци, а имаат податоци за сите. Според законската регулатива, сопствениците на ваквите земјишта имаат рок од 20 години да ги уредат имотно-правните односи со лицето што утврдило правен статус.[16]

Во склоп на општината постои Одделение кое што секојдневно им помага на Ромите околу информирање за потребните документи во постапката за легализација, а воедно им пружи и помош за пополнување на истите.

14 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип

15 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип

16 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Штип и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип



Фотографија: Ирсан Јашаровски

# ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ЖИТЕЛИ ОД РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

На средбите одржани со жителите од ромските заедници во Општина Штип, во отворени дискусии го изразија своето незадоволство кога се во прашање основните услови за живот, како и во поглед на времетраењето на постапката за легализација.

Граѓаните наведоа дека електричната енергија во некои делови од населбите е со послаб напон, а дека постои потреба од интервенции на водоводната и канализационата мрежа, која не е во најдобра состојба. Од разговорите со нив, може да се заклучи дека одредени локации домовите на жителите се и без пристап до квалитетна и чиста вода за пиење. Не сите улици во ромските населби се асфалтирани. Најчесто тоа се поглавните. Дел од граѓаните се жалаат дека е тежок пристапот до нивните домови, бидејќи улиците се тесни и невозможно е поминување со превозно средство по истите.

Жителите имаат забелешки дека постапките за легализација се комплицирани и дека траат повеќе години. Информациите, како и можноста која се нуди за легализирање на нивните домови по минимален износ, главно ги добиле благодарение на претставници на граѓанските здруженија. Најголем број од жителите со кои имав можност да разговарам, веќе го легализирале својот дом или започнале постапка, а истата сеуште не е завршена.



# ТЕРЕНСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Прв впечаток при посетата на локациите каде е населена ромската заедница во Општина Штип е дека поголем дел од улиците се асфалтирани. Обезбедена е канализациона мрежа, водовод и улично осветлување. Неасфалтирани се единствено споредните улици, кои се потесни и потешко проодни.

Во ромското маало Св. Недела голем број на ромски семејства не се приклучени во мрежите на електрична енергија, водовод и канализација. Интересно е дека иако нема ни минимални услови за живот – асфалтирани улици, комуналии и слично, и покрај тоа, интензивно се градат нови домови на таа локација. Притоа, не станува збор само за мали скромни куќарки, туку и за нови и квалитетни градби и домови. Условите за живот на оваа локација се многу лоши, под стандардите за основно домување.

# ЗАКЛУЧОК

Домувањето на се однесува само на непосредните животни услови, туку ја опфаќа и инфраструктурата на населбата и е неопходен предуслов за развојот на заедницата и квалитетот на живот на нејзините граѓани. Оваа инфраструктура е евидентно недоволно развиена во најголем дел од ромските населби во земјата, што се покажува како проблем не само за квалитетот на лицата што живеат во тие населби, туку и за можноста овие населби економски да се развиваат.

Минималното домување вклучува задоволување на минимални просторни услови, опременост на станот со основна комунална инфраструктура како што се струја, вода и одвод и сообраќајна поврзаност на станот со населбата, односно градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот.

Соодветно домување освен елементите на минимално домување вклучува соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги17.

Според извршената анализа со која се опфатени податоците добиени со преглед на националните акциски планови и стратешки документи, публикации, мислења и анализии преку разговор со стручни лица од областа, официјални претставници на Општина Штип од Одделението за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина и Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение Штип, како и интервјуа со жители од ромските заедници кои се фикус на истражувањето, може да се заклучи дека добар дел од Ромите сеуште немаат услови за минимално домување.

Очигледно е дека Општина Штип има вложено напори и превземено мерки за решавање на инфраструктурните решенија, за асфалтирање на улици, обезбедување на канализација, водовод и улично осветлување. Но и овие вложувања се недоволни за достоинствен живот и урбан равој на ромските маала.

Кога станува збор пак за конкретно за легализација на домовите, целата постапка е премногу бавна, недоволно организирана и тешка за следење од страна на граѓаните.

Значаен дел од целиот тој процес зависи од граѓанските здруженија, кои во голема мера ги информираат граѓаните и им помагаат во сите фази на постапката.

17 Чл.8, Закон за домување, 2012, http://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf

# ПРЕПОРАКИ

За да се овозможат подобри услови за современ живот за во иднина, треба да се започне од планирање.

Пред се' е потребно да се забрзаат процедурите за легализација на домовите, бидејќи голем дел од граѓаните чекаат и по неколку години за да добијат решение. Вака легализираните делови од градот да бидат составен дел од новите урбанистички планови.

Подобрување на состојбата со домувањето не е можно без урбанизација, па затоа треба да се донесат урбанистички планови за локации каде што живее ромското население, а во голем дел се добиле решенија во постапката за легализација.

Да се направат напори да се изготви одредена урбанистичко-планска документација за локациите со ромско население за кои моментално нема предвидено.

Потребно е да се проектираат нови урбанистички планови согласно моменталната реална состојба на терен. На тој начин да се вложи кон обезбедување на соодветна комунална инфраструктура во ромските населби и минимални услови за домување.

Ромите во Штип имаат реална потреба од постојана помош во процесот на легализација на нивните домови. Многумина од нив се борат со недостаток на информации, бариери за пристап до институции и пред се' недостаток на средства за поведување и спроведување на постапки за легализација.

Стапката на неписменост кај Ромите е висока, а многу од нив едноставно немаат средства за започнување и спроведување на постапка за легализација. Како резултат на овие недостатоци, тие лесно можат да испуштат важни информации за процесни активности или предвидени рокови, што може да доведе до трајно губење на нивните права поврзани со легализација на домот. Затоа им треба постојана правна поддршка во сите фази на процесот.

Потребно е да се продолжи рокот за поднесување на барање за легализација по минимален износ од 61,5 денари за метар квадратен за социјално загрозените лица, бидејќи истите немаат средства да започнат постапка за легализирање на домовите без оваа мерка.

Да се направи систем за обработка на податоци за ромско население, кој би ја отсликувал состојбата со домувањето на ромската популација. Редовно ажурирање на дата база каде ќе се прибираат информации на локално, но и на национално ниво.

Разбирливо е дека ваква можеби база досега не е направена поради фактот што истата може да биде сфатена и како дискриминација кон ромското население, но гледано од друг аспект, поседувањето на овие податоци би било од огромна помош за поефикасно и поефективно решавање на проблемите на Ромите, не само кога е во прашање домувањето и легализацијата на истото, туку и подобрувањето на условите за живот воопшто.

На најранливите ромски семејства кои немаат доволно средства за пристоен живот, потребно е да им се доделат социјални станови како би имале минимални услови за домување.

Потребно е политиките за Роми, кои досега донесувани во форма на програми и документи, да бидат преточени во документи кои ќе имаат правно обврзувачки статус, со цел имплементирањето на истите да не зависи од волјата на трети страни туку да биде строго загарантирано.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ


- Закон за домување, 2012
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011
- Закон за субвенционирање на станбен кредит, 2019
- Национален акционен план за домување 2016 – 2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, 2016
- Стратегија за Роми во Република Македонија 2014–2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, 2014
- Иднината на Националната Стратегија за Роми, Проект: "Мрежа на Ромски граѓански организации одговор на Ромската заедница", 2014
- Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита, Меѓународна група за малцински права, 2018
- Почетна студија за домувањето на Ромите во Општина Штип, Хабитат, 2017
- Извештај во сенка – Спроведувањето на Стратегијата за Роми во Р. Македонија за 2017 година, Центар за економски анализи – ЦЕА, Институт за Истражување и Анализи на Политики – Ромалитико, 2018
- Заедницата на Роми во Република Македонија – Состојби и предизвици водомувањето и здравството, Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите "Месечина" Гостивар, 2007
- European Commission, North Macedonia 2019 Report, 2019, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf